## ПРЕПОРАКА ЗА ПРОАКТИВНОСТ

Трошењето на јавните пари наметнува обврска за транспарентно работење на институциите и оправданоста на потрошените средства. За ефикасна и транспарентна администрација се однесува општото правило: вредноста за јавните средства. Услугите на јавната администрација имаат вредност, ако тие се испорачани на време, на ефикасен начин, така што ќе бидат видливи, јасни и лесно достапни за сите корисници. Целта на проактивното објавување на информациите од јавен карактер е да се создаде ефикасна, ефективна и транспарентна јавна администрација во согласност со принципите на Европскиот административен простор и на основните елементи на доброто владеење. Проактивноста индиректно укажува на потребата да се зголеми нивото на транспарентност кај имателите на информации од јавен карактер.

Посебна вредност на транспарентноста на јавната администрација е во нејзиниот интегритет. Само транспарентна јавна администрација ја зајакнува довербата на граѓаните во државните институции до степен да само транспарентна влада претствува легитимна власт. Транспарентноста на администрацијата е од суштинско значење, и тоа:

- го оправдува постоењето на административниот апарат;
- ја зајакнува довербата на граѓаните во легитимно избраните претставници на власта;
- заштедува на ресурси;
- поттикнува создавање на општество на знаење и компетентност и
- отворени институции и подемократско општество

Еден од начините за постигнување на транспарентноста на јавната администрација е во проактивното објавување на информации и комуникација на институциите на нивните официјални веб локации.